ЕКОЛОШКО ДРУШТВО
Планетум

# МОДЕЛ

## за информирање и образување на конституентите за акциите на креаторите и носителите на политики и одлуки

**Еколошко друштво Планетум**

**Струмица 2016**

## СОДРЖИНА


1. Вовед 3

2. Користење на интернетот односно социјалните мрежи како алатки за информирање 4

3. Комуникација со медиумите ( соопштенија, конференции за медиуми, изјави ..) 4

4. Печатење на информативни материјали (летоци, брошури, итн..) 5

5. Средби со конституенти во Струмица и во рурални средини 5

## *Вовед*

Тргнувајќи од целта за зголемување на влијанието во јавноста и кон општествените промени, ЕД Планетум организираше фокус групи за да се испита мислењето на конституентите* за формирање на функционален модел за информирање и образување за акциите и носителите на политики и одлуки.

Предложениот модел е посветен на подигање на нивото на информираност на конституентите во однос на добивање информации од креаторите на политиките, нивно навремено препознавање и квалитетно и функционално претворање во форма која е разбирлива за нив како и ефикасност при пренесувањето на информации.

Начинот на креирање на овој модел е разултат на фокус групи во кои учесници беа конституенти од различен профил заради опфаќање на поширок спектар за размислување во однос на начини за информирање. Во самите фокус групи се разви богата дискусија меѓу учесниците во однос на начинот на кој би сакале да бидат информирани, посебно кога станува збор за прашања и политики од областа на животната средина. Како резултат на овие дискусии и работа во групи, проектниот тим на ЕД Планетум го изработи предлог-моделот за информирање и образување на конституентите за акциите на креаторите и носителите на политики и одлуки.

Формите за информирање и образување на конституентите за акциите на креаторите на политиките кои ќе се користат во овој предложен модел на информирање се во согласност со предлозите на конституентите -учесници во фокус групите. Во креирањето на предлог-моделите беше применет критериумот „најбрз и најекономичен начин на информирање“.

***Конституенти на ЕД Планетум се целокупната јавност која може да се јави во различни улоги: корисници, членови, волонтери, индивидуални донатори и др.***

## *Користење на интернетот односно социјалните мрежи како алатки за информирање*

Оваа комуникација на известување ќе се реализира преку:

- електронска пошта;
- веб портал на организацијата;
- користење на социјалните мрежи односно фејсбук, твитер (креирање на фан страна и користење на хаштаг);
- е-билтен на организацијата;

За споделување на информациите кои се однесуваат на прашања и политики од областа на животната средина ќе бидат преземени следните чекори:

- Лицето за односи со јавноста или администраторот ќе изготви: кратко резиме за конкретната информација која ја споделува од областа на животната средина а прилагодено кон целната група до која се испраќа (возрасни, деца, млади, пензионери, итн.). На крајот од резимето ќе биде оставена врска до изворот на информација за подетални содржини од темата.

На овој начин може да се опфатат различни целни групи со посебен фокус врз младата генерација. Со оглед на брзиот пробив на интернетот во целата земја и сѐ поголемиот број на негови корисници, ограничувањето се однесува на постарите генерации, па затоа оваа форма на информирање на јавноста во иднина дефинитивно ќе биде една од најкористените.

## *Комуникација со медиумите ( соопштенија, конференции за медиуми, изјави ..)*

Комуникацијата со медиумите е ефикасен начин на информирање на јавноста бидејќи веста пренесена преку нив стигнува до голем број на конституенти без тие активно (како кај интернет страницата) да ги бараат информациите. Покрај тоа, оваа форма на информирање може за многу кратко време да пренесе информација до голем број на конституенти и не ангажира многу ресурси, особено не финансиски, што ја прави многу исплатлива. Заради успешна комуникација со медиумите, ЕД Планетум преку назначеното лице за односи со јавноста ќе ги преземе следните активности:

- Ќе вклучи најмалку два локални односно регионални ТВ медиуми и најмалку два локални портали на кои редовно ќе им испраќа соопштенија, да ги повикува на изјави или да одржува конференции за медиуми;
- Редовно ќе испраќа информации до медиумите за конкретна тема;
- Ќе испрати понуда до еден локален односно регионален ТВ и радио медиум за гостување во отворени емисии од страна на членови на ЕД Планетум заради разговарање на актуелни теми од животната средина,

донесување или промена на закони од оваа област, информативни емисии за зачувување на животната средина;
- Исто така ќе идентификува печатени локални медиуми каде би се доставувале ваков тип на информации.

## *Печатење на информативни материјали (летоци, брошури, итн...)*

Информативните материјали да бидат посветени на конкретна информација која треба да се сподели со конституентите. Во зависност од содржината на информацијата, нејзиното дистрибуирање ќе се изврши преку:
- поштенските сандачиња;
- оставање примероци во одредени продажни места (на пример, маркети);
- делење (прикачување) заедно со комуналните сметки;
- директно делење на „рака“ во период на зголемена фрекфенција на луѓе;
- поставување на пунктови на централни и фреквентни места;
- градинки, детски клубови и игротеки;
- доставување летоци и информации до бизнис заедницата.

За зголемена ефикасност на дистрибуцијата може да се вклучи и велосипедскиот клуб Актив преку своите млади членови кои на велосипед би ги доставувале летоците до конституентите.

Информативните материјали, покрај тоа што се поврзани со финасиски трошоци , се корисно средство за информирање на јавноста, а соодветниот тим од ЕД Планетум ќе:
- Одлучи која информација ќе се испрати до конституентите и преку кој информативен материјал;
- подготви негов дизајн и подготовка за печатење;
- го отпечати и дистрибуира на погоден и рационален начин.

Покрај дистрибуцијата во печатена форма, корисно е таквата информација да биде поставена и на веб страницата, на фејсбук и на информативните табли на општината како и да биде доставена до месните и урбаните заедници.

## *Средби со конституенти во Струмица и во рурални средини*

Средбите со конституентите се доста корисни бидејќи овозможуваат директно информирање на конституенти и се одлична можност за споделување на нови информации како и размена на искуства. За организирање на такви средби тимот од ЕД Планетум ќе ги преземе следните активности:
- Следење на информациите кои се однесуваат на прашања и политики од областа на животната средина;
- Изработка на кратко резиме за информацијата која ќе се пренесува;
- Информирање за конкретни прашања преку локалните ТВ медиуми, портали, информативни табли во месните и урбаните заедници, пензионерските здруженија;
- Изработка на соопштение до медиумите со информации за средбата;

- Избор на лице кое ќе ги води средбите;
- Утврдување на соодветен простор каде би се вршеле тие средби;
- Пренесување на информациите до конституентите на разбирлив начин;
- Обезбедување на соодветна средина и атмосфера за дискусија по одредена тема;
- Доставување на заклучоците од средбата до урбаните и месните заедници како и нивно објавување на веб страницата на ЕД Планетум и на социјалната мрежа Фејсбук.

Исто така овие средби со конституентите ќе се искористат и за дистрибуција на други форми за информирање, во случајот информативни материјали.

За да обезбеди вклученост и на пензионерите, средби може да се организираат и во пензионерските здруженија односно клубови.

Со цел да бидат директно опфатени децата и младите во информирањето и образувањето, ЕД Планетум ќе организира:

- Едукативни работилници за деца и млади;
- Комуникација со детските градинки и училиштата за споделување на информации на класен час и поставување на информации во образовните институции како и организирање на дискусии со учениците и фокус групи.

За таа цел, тимот кој е одговорен за работа со млади, ќе ги преземе следните активности:

- Приспособување на информациите соодветно за целните групи;
- Доставување на информациите до целните групи преку горенаведените алатки.